# З А П И С Н И К

## Од седницата на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој

Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој одржа седница на ден 05.06.2023 година (Понеделник) со почеток во 16,55 часот во просториите на локалната самоуправа во Василево.
Седницата ја свика и ја водеше Ване Андонов претседател на комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој
На седницата оправдано отсутен беше членот на комисијата Крсте Панев и Билент Исинов оправдано отсутни.
По отворената расправа по записникот од 03.05.2023 година немаше забешешки беше ставен на гласење од 3 присутни члена комисијата го усвои со 3 гласа„ за", „против" и „воздржани " нема.

За работа на седницата на Комисијата беше предложен следниот дневен ред:

### Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Предлог- Одлука за измена на распоредот на средства на Буџет на Општина Василево за 2023 година;
2. Донесување на одлука по барање на градежни материјал поднесено од Црковен одбор Радичево;
3. Донесување на одлука по барање за финансиски средства однесено од Црковен одбор Пиперево;
4. Донесување на одлука по барање за финансиски средства однесено од Војо Џингарски

По отворената расправа по дневниот ред за работа на Комисијата никој не се јави за збор беше ставен на гласење од 3 присутни члена Комисиојата го усвои со 3 гласа„ за", „против" и „воздржани " нема.

1

. По отворената расправа по првата точка од дневниот: Предлог- Одлука за измена на распоредот на средства на Буџет на Општина Василево за 2023 година; ; никој не се јави за збор беше ставена на гласење од 3 присутни члена Комисиојата ја усвои со 3 гласа„ за", „против" и „воздржани " нема.

2.

По отворената расправа по втората точка од дневниот: Донесување на одлука по барање на градежни материјал поднесено од Црковен одбор Радичево; за збор се јави Ване Андонов претседател на комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој рече дека се работи за градежен материјал за доградба на црквата „ Свети Илија" во населено место Радичево.
Немаше друг пријавено за збор втората точка од дневниот ред Донесување на одлука по барање на градежни материјал поднесено од Црковен одбор Радичево; беше ставена на гласење од 3 присутни члена Комисиојата ја усвои со 3 гласа„ за", „против" и „воздржани " нема.

3.

По отворената расправа по третата точка од дневниот ред: Донесување на одлука по барање за финансиски средства однесено од Црковен одбор Пиперево; за збор се јави Ване Андонов претседател на комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој рече дека се работи за Донесување на одлука по барање за финансиски средства однесено од Војо Џингарски
изградба на одвод, материјалите да се набават од добавувачот кој го има изведено општина Василево од јавна набавка во износ од 60.000 денари.

Немаше друг пријавено за збор третата точка од дневниот ред: Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Црковен одбор Пиперево; со усвоениот предлог да се набават материјали од добавувачот кој го има изведено општина Василево од јавна набавка во износ од 60.000 денари.за изградба на одвод беше ставена на гласење од 3 присутни члена Комисиојата го усвои со 3 гласа„ за", „против" и „воздржани " нема.

4.

По отворената расправа по четвртата точка од дневниот ред: Донесување на одлука по барање за финансиски средства однесено од Војо Цингарски за збор се јави Ване Андонов претседател на комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој рече дека се бара од Советот на општина Василево да одобри финансиски средства од 100.000 денари за организирање на меморијален турнир во мал фудбал по повод празникот„ Петровден"

Ване Андонов предлага да се доделат 70.000 денари.

Немаше друг пријавено за збор предлогот на Ване Андонов предлага да се доделат 70.000 денари. за организирање на меморијален турнир во мал фудбал по повод празникот„ Петровден"беше ставена на гласење од 3 присутни члена Комисиојата го усвои со 3 гласа„ за", „против" и „воздржани " нема.

Четвртата точка: Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Војо Џингарски со усвоениот предлог да се доделат финансиски средства во износ од 70.000 денари ,беше ставена на гласење од 3 присутни члена Комисиојата го усвои со 3 гласа„ за", „против" и „воздржани " нема.

По исцрпениот дневен ред претседателот на комисијата Ване Андонов ја затвори седница.

Записничар,
Зора Коларова

Комисија за финансирање,
Буџет и локален економски развој
Претседател,
**Ване Андонов**